# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


3682 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ 91001 - СКОПЈЕ, п.фах 51


„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 9 мај 1984
Скопје
Број 16 Год. XL

Претплатата за 1984 година изнесува 1.500 динари. Овој број чини 45 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**199.**

Врз основа на Амандман IV, точка 1, став 4 на Уставот на СРМ и член 24 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ на седницата одржана на 27 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Томе Буклески се избира за претседател на Претседателството на СРМ за наредниот мандатен период од една година.

II

Оваа одлука влегува во сила на 28 април 1984 година, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-371
3 мај 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

---

**200.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 12 и 9 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 23 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се прости на:

1. Ваневски Тодор Спиро, од с. Кадино,
2. Димовски Ѓорѓи Васил, од Скопје,
3. Пејоски Петко Ѓорѓи, од Прилеп,
4. Далипи Ќазим Шухри, од с. Матејче,
5. Стојчевски Ангеле Ставре, од Скопје.

II

Изречената казна затвор во траење од 1 месец се замени со условна осуда, со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 6 месеци не стори ново кривично дело на:

1. Митревски Павле Ѓорѓи, од Битола.

III

Изречената казна затвор во траење од 2 месеца се замени со условна осуда, со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Стоименовски Јордан Стефан, од Делчево.

IV

Изречената казна затвор во траење од 4 месеци се замени со условна осуда, со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Крстевски Јанко Мирко, од с. Беленца.

V

Изречената парична казна во износ од 3.000,00 динари се замени со условна осуда, со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 1 година не стори ново кривично дело на:

1. Ајроски Алит Демирша, од с. Белушино.

VI

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се намали за 6 месеци на:

1. Ташевски Јошко Васил, од Скопје.

VII

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се намали за 1 година на:

1. Петровски Младен Љупчо, од Тетово,
2. Димитров Милко Благоја, од Скопје,
3. Младеновиќ Александар Радомир, од с. Пепелиште,
4. Мурати Садик Рамиз, од с. Шипковица.

VIII

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се намали за 1 година и 6 месеци на:

1. Милев Станојко Петре, од с. Горјани.

IX

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-341
23 април 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

---

**201.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 12 и 9 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 27 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се прости на:

1. Маркоски Спасе Крсте, од Прилеп,
2. Далифи Јахја Салија, од с. Одри,
3. Стојанов Исај Лазар, од Скопје.

II

Изречената казна затвор во траење од 2 месеца се замени со условна осуда, со тоа што таа нема да се изврши ако осудените во рок од 1 година не сторат ново кривично дело на:

1. Анастасов Божин Панте, од Кочани,
2. Михајлов Тодор Филип, од с. Таринци,
3. Тренчев Методи Јордан, од Кочани.

III

Изречената казна затвор во траење од 3 месеци се замени со условна осуда, со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Мифтароски Мурат Исмаил, од с. Дебреште.

IV

Изречената казна затвор во траење од 4 месеци се замени со условна осуда, со тоа што таа нема да се изврши ако осудениот во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Тумбул Малчо Хусо, од Горно Оризари.

V

Изречената казна затвор во траење од 7 месеци се замени со условна осуда, со тоа што таа нема да се изврши ако осудената во рок од 2 години не стори ново кривично дело на:

1. Тумбула Елес Санија, од с. Горно Оризари.

VI

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се намали за 3 месеци на:

1. Мустафовски Бафти Идриз, од с. Лавци.

VII

Неиздржаниот дел од изречената казна затвор се намали за 4 месеци на:

1. Тодосиев Димитар Киро, од Кочани.

VIII

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-365
27 април 1984 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

**202.**

Врз основа на член 5 од Законот за давање надоместок на дел од каматата на кредитите за определени намени во периодот од 1981 до 1985 година („Службен весник на СРМ", бр. 31/81 и 13/84), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИДОВИТЕ НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ВЛОЖУВАЊА ЗА РАЗВОЈ НА ОПРЕДЕЛЕНИ РИДСКО-ПЛАНИНСКИ РЕОНИ И НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС ВО СР МАКЕДОНИЈА ЗА КОИ ЌЕ СЕ ДАВА НАДОМЕСТОК НА ДЕЛ ОД КАМАТАТА НА КРЕДИТИТЕ ВО ПЕРИОДОТ 1981 ДО 1985 ГОДИНА

Член 1

Банките, организациите на здружениот труд и инвеститорите (корисници на надоместокот на дел од каматата) ќе остваруваат надоместок на дел од каматата за кредитите што ги даваат за инвестициони вложувања во областа на земјоделството за развој на ридско-планинските реони и граничниот појас, утврдени во Општествениот договор за позабрзан развој на подрачјата во ридско-планинските реони и граничниот појас во Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1981 до 1985 година и тоа:

— во сточарството: набавка на добиток, живина и риба, производство и одгледување на подмладок и приплоден добиток, гоење на добиток и живина и изградба на нови и адаптација на постојните објекти за производство на сточарски производи, производи од живина и производство на риба, како и изградба на сместувачки капацитети за добиток и собирни центри за млеко;

— подигање на долгогодишни насади (овоштарници и хмељарници);

— набавка на земјоделска механизација;

— вложување во агромелиорации и проширување на обработливи површини и

— изградба на мали акумулации.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-635/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**203.**

Врз основа на член 2 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ", број 42/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ НА ПРЕНЕСУВАЊЕТО НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за начинот и роковите на пренесувањето на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" број 11/78), во член 2 на крајот се додаваат сметките и тоа:

„652 — Жиро сметки на фондовите на ОПЗ;
656 — Жиро сметки на средствата за стабилизација;
762 — Здружени и пренесени средства за инвестиции во стопанството (кога ги отвора орган на ОПЗ чија основна сметка се води во рамките на сметката 687);
764 — Обезбедени и пренесени средства за инвестиции во стопанството (кога ги отвора орган на ОПЗ чија основна сметка се води во рамките на сметката 637);
763 — Здружени и пренесени средства за инвестиции во општествениот стандард (кога ги отвора орган на ОПЗ чија основна сметка се води во рамките на сметката 637);
765 — Обезбедени и пренесени средства за инвестиции во општествениот стандард (кога ги отвора орган на ОПЗ чија основна сметка се води во рамките на сметката 637);
849 — Други преодни сметки на преодните приходи за распределба (кога ги отвора орган на ОПЗ чија основна сметка се води во рамките на сметката 637)."

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-580/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**204.**

Врз основа на член 172 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНО-ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

Се разрешува од должност заменик на директорот на Републичкиот завод за меѓународна научно-

техничка соработка Боче Ламбевски, на 31 мај 1984 година, поради исполнување на условите за пензија, кога му престанува и работниот однос.

Бр. 17-677/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**205.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за економски односи со странство се назначува м-р Круме Ефтимовски, досегашен советник во Рефератот за економски односи со источно-европските социјалистички земји.

Бр. 17-672/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**206.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

Се разрешува од должност помошник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи Никола Златевски, поради заминување на друга должност, сметано од 7 април 1984 година.

Бр. 17-670/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**207.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за економски односи со странство се назначува Блага Андреевска, досегашен советник во Работната заедница за следење на платно-билансната позиција на Републиката.

Бр. 17-671/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**208.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

За помошник на републичкиот секретар за народна одбрана се назначува Димитар Чукалиев, досегашен секретар на Секретаријатот за народна одбрана на Собранието на општината „Центар" — Скопје.

Бр. 17-673/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**209.**

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За потсекретар во Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се назначува Зоран Попандонов, досегашен потсекретар во Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Бр. 17-598/2
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**210.**

Врз основа на член 171 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ УПРАВЕН ИНСПЕКТОР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО И ОРГАНИЗАЦИЈА

За главен републички управен инспектор во Републичкиот комитет за законодавство и организација се именува Методија Муратовски, досегашен главен републички управен инспектор.

Бр. 17-484/2
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**211.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ОПШТОСТОПАНСКИ РАБОТИ И ПАЗАР

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар се назначува Ѓорѓи Кецкаровски, досегашен советник на претседателот на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар.

Бр. 17-675/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**212.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика се назначува д-р Јосиф Јосифовски, досегашен советник на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика.

Бр. 17-674/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**213.**

Врз основа на член 88 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

За помошник на секретарот на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се назначува Илија Јовчевски, досегашен помошник на секретарот на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Бр. 17-598/3
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**214.**

Врз основа на член 84, став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), а во врска со член 10 од Законот за образување општествени совети на управата за одделни управни области и за одделни републички органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 15/83), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИК ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ СОВЕТ НА УПРАВАТА ЗА ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, НАУКАТА И КУЛТУРАТА**

За претставник на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија во Општествениот совет на управата за областа на образованието, науката и културата се делегира Бонка Демирова, републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Бр. 17-388/2
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**215.**

Врз основа на член 84, став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), а во врска со член 10 од Законот за образување општествени совети на управата за одделни управни области и за одделни републички органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 15/83), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИК ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ СОВЕТ ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ**

За претставник на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија во Општествениот совет за Републичкиот секретаријат за финансии се делегира Бошко Тонев, виши советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Бр. 17-679/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**216.**

Врз основа на член 84, став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), а во врска со член 10 од Законот за образување општествени совети на управата за одделни управни области и за одделни републички органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 15/83), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИК ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ СОВЕТ НА УПРАВАТА ЗА ОБЛАСТА НА ПАЗАРОТ И ЦЕНИТЕ**

За претставник на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија во Општествениот совет на управата за областа на пазарот и цените се делегира Икмет Крифца, член на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Бр. 17-678/1
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

**217.**

Врз основа на член 84, став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), а во врска со член 10 од Законот за образување општествени совети на управата за одделни управни области и за одделни републички органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 15/83), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИК ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ СОВЕТ НА УПРАВАТА ЗА ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА**

За претставник на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија во Општествениот совет на

управата за областа на здравството и социјалната политика се делегира Стојан Христов, директор на Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка.

Бр. 17-142/3
19 април 1984 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

---

**218.**

Врз основа на член 3-а став 3 од Законот за боречки додаток на учесниците во Народноослободителното движење од Егејскиот дел на Македонија („Службен весник на СРМ", број 23/75, 27/77 и 18/83), претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика донесува

## НАРЕДБА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БОРЕЧКИОТ ДОДАТОК НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО 1984 ГОДИНА

1. Основата за определување на боречкиот додаток во 1984 година се утврдува во износ од 16.809 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-04-2107
19 април 1984 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет
за здравство и социјална
политика,
**Каменчо Ѓоргов,** с. р.

---

**219.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 14 март 1984 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 66-а, 66-б и 66-в од Правилникот за распоредување на доходот, чистиот доход и за основите и мерилата за распределба на личните доходи и останатите лични примања, донесен од работниците во Фабриката за производство на пиво, слад и безалкохолни пијалаци „Скопје" во Скопје, со референдум на 23 декември 1982 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Фабриката за производство на пиво, слад и безалкохолни пијалаци „Скопје" во Скопје, на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по сопствена иницијатива, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на оспорените членови од Правилникот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со начелото на распределба според трудот.

4. Разгледувајќи го оспорениот Правилник, Судот утврди дека во него по членот 66 се додаваат 3 нови членови 66-а, 66-б и 66-в во кои се утврдени основи и мерила за разврстување на работниците во три степени — групи. Така, во член 66-а, е определено дека постојната различност на работниците во рамките на исти работи и работни задачи во однос на степенот на стручноста на ракување со флексибилните машини и изведување на конкретни работи од областа на стручното занимање, условило разврстување на работниците во три степени, заради правилна распределба на личните доходи за различно вложениот труд и постигнатите резултати од трудот, а преминувањето во степените се врши врз основа на определени основи и мерила. Во член 66-б, пак, е определено дека работниците при засновањето на работа по правило, се распоредуваат во најнискиот трет степен — група а по исклучок работникот може да биде распореден во повисок степен ако врз основа на извршено тестирање од стручна комисија се утврди дека има стручни познавања и практични искуства во занимањето. Ако работникот, пак, во последните шест месеци покажува негативни резултати во работењето или не е во состојба да ги врши работите и работните задачи во занимањето ќе биде распореден во понизок степен. Член 66-в предвидува дека оценувањето за преминување во степените — групите, го врши Комисија за лични доходи на работничкиот совет на фабриката, врз основа на констатации и предлози на стручниот колегиум и непосредниот раководител на работникот.

Во член 22 од Уставот на СР Македонија и член 126 став 1 од Законот за здружениот труд е предвидено на секој работник, во согласност со начелото на распределба според трудот и сразмерно со производноста на неговиот труд и на трудот на работниците во другите основни организации на здружениот труд во кои ги здружил трудот и средствата и на вкупниот општествен труд, како и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд, да му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд, личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби според резултатите на неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот на основната организација.

Од овие уставни и законски одредби произлегува дека работниците во основните организации на здружениот труд се должни да утврдат такви основи и мерила за распределба на средствата за лични доходи, според кои ќе се утврдува придонесот и резултатите од трудот на секој работник.

Со оглед на тоа што во овој случај како еден од основите врз кои работниците стекнуваат личен доход се групите кои се утврдени во табеларниот преглед, според кои е предвидено различно учество на работниците во распределбата на средствата за лични доходи иако вршат исти работи и работни задачи, Судот утврди дека членовите 66-а, 66-б и 66-в од Правилникот, не се во согласност со начелото на распределба според трудот.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 32/84
14 март 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**220.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 22 февруари 1984 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 17 став 2, 18, 19 22 и 23 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците, донесен од работниците во Работната организација „Жито-Прилеп" во Прилеп, со референдум одржан на 15 мај 1979 година.

2. СЕ ОДБИВА предлогот на Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето за општините Прилеп и Крушево, за оценување уставноста и законитоста на член 11 и 21 од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Работната организација на начин предвиден за објавување во самоуправните општи акти.

4. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето за општините Прилеп и Крушево поднесе предлог за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука. Според наводите во предлогот:

— во член 11 и 21 од Правилникот се одредени бодови по основот „просечен месечен приход по член на семејството" при што за највисок износ на приход е одредена сумата 1300 динари, кој е доста низок и не е одраз на личните примања на работниците;

— член 17, пак, предвидува децата на паднати борци да добиваат по 3 поени повеќе во однос на другите баратели на станови што е во спротивност со уставното начело на еднаквост;

— член 18 и 19 се во спротивност со уставните и законските одредби затоа што предвидуваат комисијата, врз основа на претходно мислење на Основната организација на СК и Синдикалната организација, да може да му додели на работникот пет поени ако посебно се истакнува на своето работно место со дисциплина, уредност, совесно извршување на своите задачи и самоуправната општествена активност;

— член 22 е оспорен затоа што предвидува распределбата на станови по основ на останати потреби да се врши по исти основи и мерила како и становите по основ на солидарност што е во спротивност со уставните и законските одредби;

— член 23, пак, е оспорен затоа што предвидува решавање на станбеното прашање на стручни лица неопходни за работната организација да се врши независно од критериумите содржани во Правилникот, со апсолутна предност пред сите останати кандидати, што е противуставно и незаконито затоа што распределбата на вакви станови не може да се врши ако претходно во самоуправниот општ акт не се утврди кои се тие кадри, како и да се определи обемот на средствата за таа намена, како и основи и мерила за доделување на становите.

4. На седницата Судот утврди дека:

— а) во член 11 од Правилникот е предвидено работниците врз основа на просечниот месечен приход по член на семејство да добиваат определен број на бодови, при што највисоката граница изнесува 1300 динари, а пак, во член 21 е предвидено ниски лични примања да се сметаат месечните просечни доходи по член на семејството до 1300 динари.

Согласно член 42 став 1 од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/73), и член 463 од Законот за здружениот труд, работниците во основната организација со општ акт го утврдуваат начинот, условите и редот на првенство по кој ќе се доделуваат становите на користење.

Од изнесените законски одредби произлегува дека е самоуправно право на работниците во организациите на здружениот труд да предвидат такви основи и мерила за утврдување редот на првенство за доделување станови со кои пред сè ќе се оствари уставното начело на заемност и солидарност.

Со оглед на изнесеното, Судот утврди дека оспорените одредби не сѐ во несогласност со означените одредби од Законот за станбените односи, односно дека не се во спротивност со означените одредби од Законот за здружениот труд, затоа што е право на работниците да ја утврдуваат висината на просечните месечни приходи, кои ќе се земаат за утврдување редот на првенство за добивање на стан;

б) во член 17 став 2 е предвидено деца на паднати борци да добиваат по 3 поени повеќе во однос на другите баратели на станови.

Во конкретниот случај, со тоа што е предвидено децата на паднати борци да добиваат определен број бодови, Судот утврди дека оспорениот член не е во согласност со уставното начело на еднаквоста во правата, должностите и одговорностите содржано во дел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија. Ова од причина што со оваа одредба одредена категорија работници се ставаат во нерамноправна положба со другите работници;

в) во член 18 е предвидено Комисијата да има право да додели 5 поени на работник кој посебно се истакнува на своето работно место со дисциплина, уредност совесно извршување на своите задачи и самоуправна општествена активност. Согласно, пак, член 19 комисијата при доделувањето на овие поени мора да прибави мислење со образложение за секој работник посебно од Основната организација на Сојузот на комунистите и од Синдикалната организација.

Согласно означените одредби од Законот за станбените односи и Законот за здружениот труд, самоуправно право е на работниците да ги определат основите и мерилата за утврдување редот на првенство за доделување стан. Притоа, при утврдувањето на основите и мерилата, освен социјално-економски критериуми, работниците можат да утврдат и такви критериуми што се поврзани со придонесот на работникот во работата. Според тоа, уредноста и совесното извршување на задачите како израз на придонесот можат да се предвидат како основи за утврдување редот на првенство за добивање на стан, под услов тие да се засноваат врз објективизирани критериуми. Во конкретниот случај Судот утврди дека не се определени објективизирани мерила за основите уредност, совесно извршување на задачите и дисциплината.

Исто така, Судот смета дека општествената и самоуправната активност не можат да се предвидат како основ за утврдување редот на првенство за добивање стан, затоа што таа не може да се вреднува со добивање на посебни бодови.

Со оглед на тоа, Судот утврди дека оспорените членови не се во согласност со означените законски одредби;

г) според член 22 од Правилникот, распределбата на становите доделени по основ на останати потреби се врши според основите и мерилата по кои се врши распределбата на становите по основ на солидарност.

Согласно означениот член 42 став 1 од Законот за станбените односи и член 463 од Законот за здружениот труд, работниците имаат право и должност да ги утврдуваат основите и мерилата по кои се врши распределбата на становите.

Во конкретниот случај, Судот смета дека оваа одредба не е во согласност со означените одредби од Законот за станбените односи и е во спротивност со Законот за здружениот труд, затоа што се утврдени исти основи и мерила за распределба на солидарните станови и за становите за останати потреби на работниците. Ова од причина што не може да се изедначат условите за овие две категории на станови. Кај солидарните станови кои се наменети за работниците со пониски доходи, доминантно влијание има начелото на солидарност. Понатаму, изворот на средствата за овие станови е друг. Согласно член 17 и член 23 од Законот за самоуправните интересни заедници за становање (пречистен текст — „Службен весник на СРМ" бр. 8/81), средствата за станбена изградба во рамките на заедницата на становањето обезбедуваат работниците од доходот и чистиот доход на организациите и заедниците, а со самоуправна спогодба се утврдуваат основите, висината и начинот на издвојувањето на средствата за станбена изградба по основ на солидарност од доходот на организациите на заедниците;

д) според член 23, решавањето на станбеното прашање на стручни лица неопходни за работната организација, се врши независно од критериумите содржани во Правилникот, и тие имаат апсолутна предност во добивање на стан.

Судот смета дека во самоуправниот општ акт, со кој се предвидуваат основите и мерилата за утврдување редот на првенство за добивање на стан, согласно член 42 од Законот за станбените односи и член 463 од Законот за здружениот труд, работниците со референдум однапред треба да ги утврдат обемот на средствата за оваа намена, основите и мерилата по кои ќе се врши распределбата на становите, како и да ги утврдат кадрите неопходни за Организацијата.

Со оглед на тоа, Судот утврди дека оспорениот член не е во согласност со член 42 од Законот за станбените односи и е во спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд.

На основа изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 146/83
22 февруари 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

**221.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата од 29 декември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА точката в) на член 22 од Општествениот договор за вработување на подрачјето на општината Кичево („Службен гласник на општина Кичево" бр. 6/81).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Кичево" на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Општинскиот општествен правобранител на самоуправување на општините Кичево и Македонски Брод поднесе предлог со барање Уставниот суд на Македонија да ја оцени уставноста и законитоста на членот 22 под В, од договорот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот оспорените одредби како критериум за утврдување приоритет при вработувањето го содржат времетраењето на живеењето во местото на вработувањето и што не е во согласност со уставното начело на еднаквост на правата и должностите на граѓаните и на уставното начело според кои на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека во точката в) на член 22 од договорот означен во точка 1 на оваа одлука, покрај другите, како посебен критериум е предвидено и времетраењето на живеењето во местото на вработувањето. Имено, според овој член од договорот, невработеното лице по основ на времетраењето на живеењето во местото на вработувањето добива по 2 бода за секоја година, но не повеќе од 20 бода.

5. Согласно член 139 од Уставот на СР Македонија и член 579 од Законот за здружениот труд, општествено-политичките заедници, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и заедниците за вработување, со општествен договор го обезбедуваат и усогласуваат самоуправното уредување на општествено-економските и другите односи од поширок заеднички интерес меѓу кои и политиката на вработувањето. Исто така и во член 11 од Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на СРМ" бр. 13/78) меѓу другото, е предвидено дека со општествен договор за вработување се усогласува самоуправното уредување на условите и критериумите на приоритет при вработувањето.

Од овие уставни и законски одредби произлегува дека е во согласност со Уставот и законот со општествен договор да се уреди приоритетот при вработувањето како прашање од поширок општествен интерес. Основите за вработување ги предвидуваат учесниците во договорот, а тие мора да бидат во согласност со уставот и законот.

Поаѓајќи од член 210 став 2 од Уставот на СР Македонија според кој на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството како и поаѓајќи од одредбите на Законот за здружениот труд за општественото договарање (член 579 став 1) според кои со општествен договор се утврдува и политиката во вработувањето, според мислењето на Судов, спротивно му е на Уставот и законот редот на првенството при вработувањето да се засновува и врз основот „времетраење на живеењето во местото на вработувањето". Всушност, овој основ претставува привилегија за граѓаните кои подолго време живеат во местото на вработувањето, уште, и пред да се стекнат со правото на вработување што не е во согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста и со начелото според кое на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството. Исто така, Судот утврди дека времетраењето на живеењето во местото на вработувањето како основ за утврдување редот на првенство при вработувањето е спротивно и на општествениот карактер на трудот и средствата за производство и неговата примена значи затворање во областа на вработувањето. Ако се има предвид дека суштината на општествениот договор за вработувањето е да се создадат услови за поинтензивна територијална и професионална подвижност на работниците и да се сузбиваат сите облици на регионално и локално затворање, утврдувањето на времетраењето на живеењето во местото на вработувањето како посебен критериум го попречува остварувањето и на уставното начело за слободно движење на граѓаните и вработување на целата територија на СФР Југославија. Затоа Судот смета дека времетраењето на живеењето во местото на вработувањето, под еднакви услови може да биде предвидено како приоритетен основ, а не како самостоен основ.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 203/81
29 декември 1983 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

**222.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата од 29 декември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 21 точка в) од Општествениот договор за вработување на подрачјето на Општината Неготино („Службен гласник на Општината Неготино" бр. 8 од 21 ноември 1981 година).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на Општината Неготино" на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на Општината Неготино поднесе предлог Уставниот суд на Македонија да ја оцени уставноста и законитоста на член 21 точка в) на договорот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот оспорената одредба од

договорот не била во согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето, со начелото според кое на секој граѓанин, под еднакви услови, му се достапни секое работно место и функција во општеството и со начелото на слободно движење на граѓаните односно со начелото според кое секој слободно го избира своето занимање и вработување.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека во член 21 од договорот означен во точка 1 на оваа одлука, покрај другите, како посебен критериум е предвидено и времетраењето на живеењето во местото на вработувањето. Имено, по овој основ, невработеното лице кое во местото на вработувањето живеело преку 15 години добива 20 бода, до 15 години — 15 бода, од 6 до 10 години 10 бода, од 2 до 5 години — 5 бода и до две години — 2 бода.

Согласно член 139 од Уставот на СР Македонија и член 579 од Законот за здружениот труд, општествено-политичките заедници, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и заедниците за вработување, со општествен договор го обезбедуваат и усогласуваат самоуправното уредување на општествено-економските и другите односи од поширок заеднички интерес меѓу кои и политиката на вработувањето. Исто така и во член 11 од Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на СРМ“ бр. 13/78) меѓу другото, е предвидено дека со општествен договор за вработување се усогласува самоуправното уредување на условите и критериумите на приоритет при вработувањето.

Од овие уставни и законски одредби произлегува дека е во согласност со Уставот и законот со општествен договор да се уреди приоритетот при вработувањето како прашање од поширок општествен интерес. Основите за вработување ги предвидуваат учесниците во договорот, а тие мора да бидат во согласност со Уставот и Законот.

Поаѓајќи од член 210 став 2 од Уставот на СР Македонија според кој на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството како и поаѓајќи од одредбите на Законот за здружениот труд за општественото договарање (член 579 став 1) според кои со општествен договор се утврдува и политиката во вработувањето, според мислењето на Судот спротивно му е на Уставот и законот редот на првенството при вработувањето да се засновува и врз основот „времетраење на живеењето во местото на вработувањето“. Всушност, овој основ претставува привилегија за граѓаните кои подолго време живеат во местото на вработување, уште и пред да се стекнат со правото на вработување што не е во согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитостa и со начелото според кое на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството. Исто така, Судот, утврди дека времетраењето на живеењето во местото на вработувањето како основ за утврдување редот на првенство при вработувањето е спротивно и на општествениот карактер на трудот и средствата за производство и неговата примена значи затворање во областа на вработувањето. Ако се има предвид дека суштината на општествениот договор за вработувањето е да се создадат услови за поинтензивна територијална и професионална подвижност на работниците и да се сузбиваат сите облици на регионално и локално затворање, утврдувањето на времетраењето на живеењето во местото на вработувањето како посебен критериум го попречува остварувањето и на уставното начело за слободно движење на граѓаните и вработување на целата територија на СФР Југославија. Затоа Судот смета дека времетраењето на живеењето во местото на вработувањето, под еднакви услови може да биде предвидено како приоритетен основ, а не како самостоен основ.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 209/82
29 декември 1983 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**223.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата од 29 декември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА членот 22 точка в) од Општествениот договор за вработување на подрачје на општина Кратово („Службен гласник на општина Кратово“ бр. 5/82 година).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на општината Кратово“ на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Самоуправната интересна заедница за становање — Кратово поднесе предлог со барање Уставниот суд да ја оцени уставноста и законитоста на точката в на член 22 од договорот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот оспорената одредба од договорот не била во согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето, со начелото според кое на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството и со начелото на слободно движење на граѓаните односно со начелото според кое секој слободно го избира своето занимање и вработување.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека во членот 22 од договорот означен во точката 1 на оваа одлука покрај другите, како посебен критериум е предвидено и времетраењето на живеењето во местото на вработувањето. Имено, по овој основ, невработеното лице кое во местото на вработувањето живеело до 1 година не добивало бодови, од 1 до 2 години — 2 бода, од 2 до 5 години — 5 бода, од 5 до 10 години — 10 бода и над 10 години — 15 бода.

5. Согласно член 139 од Уставот на СР Македонија и член 579 од Законот за здружениот труд, општествено-политичките заедници, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и заедниците за вработување, со општествен договор го обезбедуваат и усогласуваат самоуправното уредување на општествено-економските и другите односи од поширок заеднички интерес меѓу кои и политиката на вработувањето. Исто така и во член 11 од Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на СРМ“ бр. 13/78) меѓу другото, е предвидено дека со општествен договор за вработување се усогласува самоуправното уредување на условите и критериумите на приоритет при вработувањето.

Од овие уставни и законски одредби произлегува дека е во согласност со Уставот и законот со општествен договор да се уреди приоритетот при вработувањето како прашање од поширок општествен интерес. Основите за вработување ги предвидуваат учесниците во договорот, а тие мора да бидат во согласност со Уставот и Законот.

Поаѓајќи од член 210 став 2 од Уставот на СР Македонија според кој на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството како и поаѓајќи од одредбите на Законот за здружениот труд за општественото договарање (член 579 став 1) според кои со општествен договор се утврдува и политиката во

вработувањето, според мислењето на Судов, спротивно му е на Уставот и законот редот на првенството при вработувањето да се засновува и врз основот „времетраење на живеењето во местото на вработувањето". Всушност, овој основ претставува привилегија за граѓаните кои подолго време живеат во местото на вработувањето, уште и пред да се стекнат со правото на вработување што не е во согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста и со начелото според кое на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството. Исто така, Судов утврди дека времетраењето на живеењето во местото на вработувањето како основ за утврдување редот на првенство при вработувањето е спротивно и на општествениот карактер на трудот и средствата за производство и нивната примена значи затворање во областа на вработувањето. Ако се има предвид дека суштината на општествениот договор за вработувањето е да се создадат услови за поинтензивна територијална и професионална подвижност на работниците и да се сузбиваат сите облици на регионално и локално затворање, утврдувањето на времетраењето на живеењето во местото на вработувањето како посебен критериум го попречува остварувањето и на уставното начело за слободно движење на граѓаните и вработување на целата територија на СФР Југославија. Затоа Судот смета дека времетраењето на живеењето во местото на вработувањето, под еднакви услови може да биде предвидено како приоритетен основ, а не како самостоен основ.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 108/82
29 декември 1983 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

**224.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на седницата од 29 декември 1983 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА точката в) на член 23 од Општествениот договор за вработување на подрачјето на општината Куманово („Службен гласник на општина Куманово" бр. 1/81).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Куманово" на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија со решение У. бр. 207/81 поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на точката в) на член 23 од договорот означен во точката 1 на оваа одлука. Постапката беше поведена затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста, со начелото според кое на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството и со начелото за слободно движење на граѓаните односно со начелото според кое секој слободно го избира своето занимање и вработување.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека во член 23 од договорот означен во точка 1 на оваа одлука, покрај другите, како посебен критериум е предвидено времетраењето на живеењето во местото на вработувањето. Имено, по овој основ, невработеното лице кое во местото на вработувањето живеело повеќе од 10 години добивало 25 бода, од 5 до 10 години — 15 бода и од 2 до 5 години — 5 бода и до 2 години — 2 бода.

5. Согласно член 139 од Уставот на СР Македонија и член 579 од Законот за здружениот труд, општествено-политичките заедници, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и заедниците за вработување со општествен договор го обезбедуваат и усогласуваат самоуправното уредување на општествено-економските и другите односи од поширок заеднички интерес меѓу кои и политиката на вработувањето. Исто така и во член 11 од Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на СРМ" бр. 13/78), меѓу другото, е предвидено дека со општествен договор за вработување се усогласува самоуправното уредување на условите и критериумите на приоритет при вработувањето.

Од овие уставни и законски одредби произлегува дека е во согласност со Уставот и законот со општествен договор да се уреди приоритетот при вработувањето како прашање од поширок општествен интерес. Основите за вработување ги предвидуваат учесниците во договорот, а тие мора да бидат во согласност со Уставот и Законот.

Поаѓајќи од член 210 став 2 од Уставот на СР Македонија според кој на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството како и поаѓајќи од одредбите на Законот за здружениот труд за општественото договарање (член 579 став 1), според кои со општествен договор се утврдува и политиката во вработувањето, според мислењето на Судов, спротивно му е на Уставот и законот редот на првенството при вработувањето да се засновува и врз основот „времетраење на живеењето во местото на вработувањето". Всушност, овој основ претставува привилегија за граѓаните кои подолго време живеат во местото на вработувањето, уште и пред да се стекнат со правото на вработување, што не е во согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста и со начелото според кое на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството. Исто така, Судов утврди дека времетраењето на живеењето во местото на вработувањето како основ за утврдување редот на првенство при вработувањето е спротивно и на општествениот карактер на трудот и средствата за производство и неговата примена значи затворање во областа на вработувањето. Ако се има предвид дека суштината на општествениот договор за вработувањето е да се создадат услови за поинтензивна територијална и професионална подвижност на работниците и да се сузбиваат сите облици на регионално и локално затворање, утврдувањето на времетраењето на живеењето во местото на вработувањето како посебен критериум го попречува остварувањето и на уставното начело за слободно движење на граѓаните и вработување на целата територија на СФР Југославија. Затоа Судот смета дека времетраењето на живеењето во местото на вработувањето, под еднакви услови, може да биде предвидено како приоритетен основ, а не како самостоен основ.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 207/81, 238/81
29 декември 1983 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

**225.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа, на седницата од 29 декември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) точката в) на став 1 на член 33 од Општествениот договор за основите на самоуправното уредување на односите и дејствувањето во областа на вработувањето во СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 20/80);

б) алинејата 4 на став 1 од член 19 од Општествениот договор за самоуправно уредување на односите за вработување на подрачјето на град Скопје („Службен гласник на град Скопје“ бр. 10/81);

в) точката 4 на член 2 од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за работните односи во Основната организација на здружен труд — Служба за општа медицина во Скопје и членот 43-а од Правилникот за работни односи во таа организација.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на град Скопје“ на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Комисијата за претставки и предлози на Собранието на СР Македонија поднесе предлог со барање Уставниот суд на Македонија да ја оцени уставноста и законитоста на алинејата 4 на став 1 на член 19 од договорот означен под а) во точката 1 на оваа одлука и тоа за оценување уставноста и законитоста на одредбата за времетраењето на живеењето во местото на вработувањето како основен и општ критериум за утврдување приоритет при вработувањето. Подоцна, со решение У. бр. 197/81 од 24 декември 1981 година, исто така, по иницијатива на повеќе граѓани, Уставниот суд на Македонија поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на точката в) на став 1 на член 33 од договорот означен под б) во точката 1 на оваа одлука и на точката 4 на член 2 од правилникот означен под в) во точката 1 на оваа одлука. Постапката за оценување уставноста и законитоста на оспорените одредби од означените акти е поведена затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето, односно, со начелото според кое на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството како и со начелото на слободно движење на граѓаните.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека времетраењето на живењето во местото на вработувањето, како критериум за утврдување редоследот на вработувањето, е содржан во Општествениот договор за самоуправното уредување на односите за вработување на подрачјето на град Скопје како и во општествениот договор за основите на самоуправното уредување на односите и дејствувањето во областа на вработувањето во СР Македонија. Така, според член 19 од договорот за вработување на подрачјето на град Скопје, учесниците се согласни меѓу кандидатите што ги исполнуваат предвидените услови за работите и работните задачи предвидени со самоуправните општи акти на организацијата односно заедницата и што се објавени во конкурсот или огласот за засновање на работен однос, приоритетот при вработувањето на невработените лица да се засновува врз следните „основни и општи критериуми“: невработеноста, времето на чекање за вработување, социјално-економската состојба и времетраењето на живеењето во местото на вработувањето. Според членот 20 од овој договор, основните и другите организации на здружен труд, работните заедници и другите самоуправни организации и заедници преземаат обврска во своите самоуправни општи акти да ги утврдат и разработат критериумите од член 19 од овој општествен договор да предвидат мерки за утврдување на правото на приоритет во зависност од своите потреби и специфични услови и да ги применуваат врз сите учесници пријавени на конкурсот односно огласот за кои во постапката е утврдено дека ги исполнуваат условите за работниот однос. Истоветни критериуми за утврдување приоритетот при вработувањето на невработените лица содржи републичкиот договор. Во став 2 на член 32 од овој договор е предвидено дека приоритетот при вработувањето треба да се изразува во бодови за секој критериум посебно и збирно.

Според членот 1 од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за работните односи во Основната организација на здружениот труд Служба за општа медицина во Скопје, при еднакви услови од огласот односно конкурсот право на приоритет при вработувањето имаат невработените лица евидентирани во Заедницата за вработување на град Скопје, и тоа според редоследот утврден врз основа на основните, општите и дополнителните критериуми предвидени во Општествениот договор за самоуправно уредување на односите за вработување на подрачјето на град Скопје што се разработени со овој правилник. Според неговиот член 2 приоритет при вработувањето се изразува во бодови кои се одредуваат за сите основни, општи и дополнителни критериуми. Основни и општи критериуми според овој правилник се невработеноста, времето на чекање за вработување, социјално-економската состојба и времето на живеење во Скопје. Понатаму, во овој член се разработени утврдените критериуми на тој начин, што за секој од нив се определени бодови. Така, по основот „времетраењето на живеењето во Скопје“ невработениот кој живее во Скопје до 10 години добива 5 бода, а за време над 10 години уште по 2 бода за секоја измината година, но не повеќе од 50 бода.

Согласно член 139 од Уставот на СР Македонија и член 579 од Законот за здружениот труд, општествено-политичките заедници, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и заедниците за вработување, со општествен договор го обезбедуваат и усогласуваат самоуправното уредување на општествено-економските и другите односи од поширок заеднички интерес меѓу кои и политиката на вработувањето. Исто така и во член 11 од Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на СРМ“ бр. 13/78) меѓу другото, е предвидено дека со општествен договор за вработување се усогласува самоуправното уредување на условите и критериумите на приоритет при вработувањето.

Од овие уставни и законски одредби произлегува дека е во согласност со Уставот и законот со општествен договор да се уреди приоритетот при вработувањето како прашање од поширок општествен интерес. Основите за вработување ги предвидуваат учесниците во договорот, а тие мора да бидат во согласност со Уставот и Законот.

Поаѓајќи од член 210 став 2 од Уставот на СР Македонија според кој на секој граѓанин поеднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството како и поаѓајќи од одредбите на Законот за здружениот труд за општественото договарање (член 579 став 1) според кои со општествен договор се утврдува и политиката во вработувањето, според мислењето на Судов, спротивно му е на Уставот и законот редот на првенството при вработувањето да се засновува врз основот „времетраење на живеењето во местото на вработувањето“. Всушност, овој основ претставува привилегија за граѓаните кои подолго време живеат во местото на вработувањето, уште и пред да се стекнат со правото на вработување што не е во согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето и со начелото според кое

Активното вклучување на граѓаните во поефикасното вршење на инспекцискиот надзор, според мислењето на Судот, може и треба да се остварува со примена на член 151 од Законот за државната управа, а не и со директно овластувања на одделни граѓани да вршат дејства за кои се овластени управните органи како носители на инспекциската функција.

Судот смета дека овластувањата на граѓаните, начинот на нивното вршење и легитимацијата што им се издава, според оспорените одлуки, содржат изразити елементи на инспекциската функција и затоа не можат да се идентификуваат со правото на иницијатива што го имаат граѓаните, ниту можат да се сметаат како облик и вид на поопштествување на управната функција.

Со оглед на тоа што со оспорените одлуки е предвидено овластување граѓаните да вршат определени работи на инспекциски надзор, за што нема уставен и законски основ, Судот утврди дека тие не се во согласност со означените одредби од Уставот на СР Македонија и републичкиот Закон за државната управа.

На основа изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 204/83
16 февруари 1984 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**192**

Врз основа на член 5 став 2 од Самоуправната спогодба за висината на постојаната парична помош на корисниците на социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 28/79, 20/80, 19/81, 41/82, 5/83, 31/83 и 4/84) и член 19 став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78, 43/78), општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита и Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Скопје, учесници во спогодувањето, склучуваат

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ВИСИНАТА НА ПОСТОЈАНАТА ПАРИЧНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа самоуправна спогодба учесниците во спогодувањето ги вршат следните измени во Самоуправната спогодба за висината на постојаната парична помош на корисниците на социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 28/79, 20/80, 19/81, 41/82, 5/83, 31/83 и 4/84):

1. Членот 2 се менува и гласи:

„Член 2

Висината на минималните износи на одделните видови на постојаната парична помош се утврдува и тоа:

Основната парична помош да изнесува најмалку:

| | |
|---|---|
| — за носител — самец | 4.000 динари |
| — за носител — со двајца и повеќе членови во семејството | 3.300 динари |

Додатокот за секој натамошен соуживател на помошта да изнесува најмалку 1.500 динари.

Посебниот додаток за помош и нега од друго лице да изнесува најмалку 2.400 динари.

Збирот на основната парична помош и додатокот за соуживателот на помошта не може да биде поголем од 50% од просечниот личен доход остварен во тековната година во Републиката“.

Член 2

Оваа самоуправна спогодба е склучена на 25. I. 1984 година, а влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ и ќе се применува од наредниот ден, освен одредбите на точка 1 од член 1 на оваа самоуправна спогодба кои ќе се применуваат од 1 јануари 1984 година.

Бр. 08-824/1
25 јануари 1984 година
Скопје

**193.**

Врз основа на член 27 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78 и 43/78), Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Скопје и општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита, учесници во спогодувањето, склучија

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА СМЕСТЕНО ЛИЦЕ ВО ДРУГО СЕМЕЈСТВО

Член 1

Со оваа самоуправна спогодба учесниците во спогодувањето ја утврдуваат висината на најнискиот износ на надоместокот за сместено лице — корисник на социјална заштита во друго семејство.

Член 2

Учесниците во спогодувањето се согласија и ја утврдија висината на најнискиот месечен износ на надоместокот од член 1 на оваа самоуправна спогодба да изнесува:

— 5.650 динари за деца од предучилишна возраст — корисници на социјална заштита;

— 6.800 динари за лица со психофизички недостатоци — корисници на социјална заштита;

— 6.500 динари за останатите лица — корисници на социјална заштита.

Член 3

Учесниците во спогодувањето се согласија општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита, во зависност од условите за сместување и во согласност со одредбите на оваа самоуправна спогодба, со посебна одлука да ја утврдат висината на надоместокот за сместено лице во друго семејство, односно да ги усогласат своите општи и други акти со одредбите на оваа спогодба, како и да донесат и други неопходни акти за нејзино спроведување во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа самоуправна спогодба.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа самоуправна спогодба престанува да важи Самоуправната спогодба за висината на најнискиот износ на надоместокот за сместено лице во друго семејство („Службен весник на СРМ“ бр. 4/84).

Член 5

Оваа самоуправна спогодба е склучена на 25. I. 1984 година и влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од наредниот ден, освен одредбите на член 2 кои ќе се применуваат од 1 јануари 1984 година.

Бр. 08-123/1
25 јануари 1984 година
Скопје

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — КРУШЕВО

**194.**

Врз основа на точка 9 став 7 од Вториот дел од Резолуцијата на СРМ за политиката на остварувањето на Општествениот план за 1984 година („Службен весник на СРМ“ бр. 37/83) и член 30 од Статутот на Општинската самоуправна интересна Заедница за социјална заштита — Крушево, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 9 април 1984 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ПО КОИ ЗАЕДНИЦАТА ГИ ОСТВАРУВА СВОИТЕ ПРИХОДИ И ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА**

Член 1

Стапките на придонесите по кои се обезбедуваат приходите на Заедницата за 1984 година изнесуваат:

1. придонес од доход од ОЗТ, по стапка од 0,38%;
2. придонес од личен доход од работен однос, по стапка од 0,38%;
3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,06%;
4. придонес од личен доход од самостојно вршење стопанска дејност, по стапка од 0,4%;
5. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 0,4%.

Член 2

Се ослободува основното и насоченото средно образование (Основното училиште и Училишниот центар „Наум Наумоски — Борче“) од плаќање 50% од стапките од личен доход од работен однос, така да новата стапка ќе изнесува 0,19%, како и Комбинираната детска установа „Гонча Туфа“ — Крушево од плаќање 30% од стапките на личен доход од работен однос, така да новата стапка ќе изнесува 0,27%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1984 година.

Член 4

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се достави до членовите на Заедницата, СОК и Општинската управа за приходи.

Бр. 02-34/1
10 април 1984 година
Крушево

За претседател,
**Благоја Ангелески,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — КРУШЕВО

**195.**

Врз основа на точка 9 став 7 од Вториот дел на Резолуцијата на СРМ за политиката на остварувањето на Општествениот план за 1984 година („Службен весник на СРМ“ бр. 37/83) и член 23 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Крушево, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 29 март 1984 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ПО КОИ ЗАЕДНИЦАТА ГИ ОСТВАРУВА СВОИТЕ ПРИХОДИ И ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА 1984 ГОДИНА**

Член 1

Стапките на придонесите по кои се обезбедуваат приходите на Заедницата за 1984 година изнесуваат:

1. придонес од личен доход од работен однос, по стапка од 1,85%;
2. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,03%;
3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 0,01%;
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 0,01%.

Член 2

Се ослободува основното и насоченото образование (Основното училиште и Училишниот центар „Наум Наумовски — Борче“) од плаќање 50% од стапките на личен доход од работен однос, така да новата стапка ќе изнесува 0,92%, како и Комбинираната детска установа „Гонча Туфа“ — Крушево од плаќање 30% од стапките на личен доход од работен однос, така да новата стапка ќе изнесува 1,29%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1984 година.

Член 4

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се достави до членовите на Заедницата, СОК и Општинската управа за приходи.

Бр. 02-37/1
10 април 1984 година
Крушево

Претседател,
**Ратка Лазеска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — КРУШЕВО

**196.**

Врз основа на точка 9 став 7 од Вториот дел од Резолуцијата на СРМ за политиката на остварувањето на Општествениот план за 1984 година („Службен весник на СРМ“ бр. 37/83) и член 17 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Крушево, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 26 март 1984 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ПО КОИ ЗАЕДНИЦАТА ГИ ОСТВАРУВА СВОИТЕ ПРИХОДИ И ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА 1984 ГОДИНА**

Член 1

Стапките на придонесите по кои се обезбедуваат приходите на Заедницата за 1984 година изнесуваат:

1. придонес од доход од ОЗТ, по стапка од 0,50%;
2. придонес од личен доход од работен однос, по стапка од 0,50%;
3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,03%;
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 0,1%;
5. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 0,1%;

Член 2

Се ослободува основното и насоченото средно образование (Основното училиште и Училишниот центар „Наум Наумоски — Борче“) од плаќање 50% од стапката од личен доход од работен однос, така да новата стапка ќе изнесува 0,25%, како и Комбинираната детска установа „Гонча Туфа“ — Крушево од плаќање 30% од стапката од личен доход од работен однос, така да новата стапка ќе изнесува 0,35%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1984 година.

Член 4

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се достави до членовите на Заедницата, СОК и Општинската управа за приходи — Крушево.

Бр. 02-40/1
10 април 1984 година
Крушево

Претседател,
**Коста Бојчиноски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — КРУШЕВО

**197.**

Врз основа на точка 9 став 7 од Вториот дел од Резолуцијата на СРМ за политиката на остварувањето на Општествениот план за 1984 година („Службен весник на СРМ" бр. 37/83) и член 21 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Крушево, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 27 март 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ПО КОИ ЗАЕДНИЦАТА ГИ ОСТВАРУВА СВОИТЕ ПРИХОДИ И ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите по кои се обезбедуваат приходите на Заедницата за 1984 година изнесуваат:

1. придонес од доходот од ОЗТ, по стапка од 0,50%;
2. придонес од личен доход од работен однос, по стапка од 0,50%;
3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,06%;
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 0,4%;
5. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 0,4%.

Член 2

Се ослободува основното и насоченото образование (Основното училиште и Училишниот центар „Наум Наумоски — Борче") од плаќање 50% од стапките од личен доход од работен однос, така да новата стапка ќе изнесува 0,25%, како и Комбинираната детска установа „Гонча Туфа" — Крушево од плаќање 30% од стапките од личен доход од работен однос, така да новата стапка ќе изнесува 0,35%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1984 година.

Член 4

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се достави до членовите на Заедницата, СОК и Општинската управа за приходи — Крушево.

Бр. 02-20/1
10 април 1984 година
Крушево

Претседател,
**Димитар Дамјаноски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ПРИЛЕП

**198.**

Врз основа на член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр 6/81) и член 102 од Статутот на Општинската СИЗ за општествена заштита на децата — Прилеп, Собранието на ОСИЗ за општествена заштита на децата на седницата одржана на 28 декември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРЕСМЕТКОВНИТЕ СТАПКИ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ И ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ ВО ОБЛАСТА НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на пресметковните стапки за здружување средства за задоволување на личните и заедничките потреби и интереси во областа на општествената заштита на децата преку ОСИЗ за општествена заштита на децата.

Член 2

За задоволување на потребите од член 1 на оваа одлука здружуваат средства по пресметковна стапка:

— работниците од стопанските дејности од бруто личниот доход, по стапка од 1,70%;

— работниците од општествените дејности од бруто личниот доход, по стапка од 1,70%;

— земјоделците од личниот доход, по стапка од 0 22%;

— работниците кои самостојно вршат дејност од личниот доход, по стапка од 1,70%;

— работниците вработени кај граѓаните и граѓанско правните лица од личен доход, по стапка од 1,70%.

Работниците во ОЗТ од основното и средното насочено образование здружуваат средства од бруто личните доходи по стапка од 0,85%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1984 година. Истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-768/7
28 декември 1983 година
Прилеп

Претседател,
д-р **Видое Јованоски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — РЕСЕН

**199.**

Врз основа на член 125 став 2 точка 15 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Ресен, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Ресен, на заедничката седница на сите собори, одржана на 16 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ

Член 1

Во Одлуката за парични надоместоци донесена од страна на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Ресен, бр. 02-36/1 од 19. XII. 1983 година, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 6/84, во членот 5 се вршат следните измени и дополнувања:

Член 5 под точка в) Трошоци за закоп, се менува и гласи:

„Висината на надоместокот на трошоците за закоп на корисниците — работни луѓе и граѓани изнесува:

1. за корисник до 1 година возраст — 2.900,00 динари;
2. за корисник од 1 до 7 годишна возраст — 4.700,00 динари;
3. за корисник од 7 до 14 годишна возраст — 6.400,00 динари.
4. за корисник над 14 годишна возраст — 8.200,00 динари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува на случаите кои ќе настанат по 1 април 1984 година.

Бр. 02-12/1
16 април 1984 година
Ресен

Претседател,
**Ташко Митановски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СТРУМИЦА

**200.**

Врз основа на член 83 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78) и член 22 став 8 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Струмица, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита — Струмица донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ДОХОДОТ НА ОЗТ И ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС, ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ И САМОСТОЈНО ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ЗА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СТРУМИЦА ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот на организациите на здружен труд, личниот доход од работен однос, земјоделска дејност, самостојно вршење на стопанска дејност, по кои ќе се обезбедуваат средствата на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Струмица за 1984 година.

Член 2

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Струмица за 1984 година ќе изнесуваат:

— придонес од доходот на основните организации на здружен труд — 0,33%;

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанство — 0,15%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност — 0,28%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност — 0,34%.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 08-31/1 од 18. IV. 1983 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1984 година.

Бр. 08-38/1
26 март 1984 година
Струмица

Претседател,
**Зорица Тумановска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

**201.**

Врз основа на член 25 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Тетово, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Тетово, на седницата одржана на 24 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНАТА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО ЗА 1984 ГОДИНА

I

Одлуката за утврдување пресметковната стапка за здружување средства во Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Тетово за 1984 година, донесена од Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 23. XII. 1983 година, бр. 08-121/3 („Службен весник на СРМ" бр. 3/84), се менува и гласи:

II

„Пресметковната стапка за здружување на средствата на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Тетово, за 1984 година се утврдува на бруто личниот доход и тоа:

1. придонес од доход на ОЗТ од стопанството, по стапка од 0,38%;
2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанство, по стапка од 0,50%;
3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,30%;
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 2%;
5. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 2%.

III

За организациите на здружениот труд од:

— основното и средното насочено образование и социјалната заштита — пресметковната стапка се утврдува во висина од 50% од општата стапка;

— високото и вишото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културни богатства и од областа на сценските и музичките дејности — пресметковната стапка се утврдува во висина од 70% од општата стапка.

IV

Средствата од пресметковната стапка за социјална заштита се распоредуваат со посебна одлука на Собранието на Заедницата и тоа врз основа на утврдените облици, обемот, мерилата и критериумите со програма за развој на социјалната заштита и со финансиски план за развој на социјалната заштита во 1984 година".

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и ќе се применува од 1 јануари 1984 година.

Бр. 08-33/1
24 април 1984 година
Тетово

Претседател,
**Крсте Павлоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — ТЕТОВО

**202.**

Врз основа на член 33 од Законот за физичка култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура и член 14 од Статутот на СИЗ на физичката култура, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 11 април 1984 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА НА ОПШТИНА ТЕТОВО И РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — СКОПЈЕ ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Тетово и Републичката заедница за физичка култура — Скопје за 1984 година, број 0802-351/3 од 28. XII. 1983 година, текстот од точката 3 на член 2 се брише и се додава нов текст кој гласи:

„3. Организациите на здружен труд од областа на основното и средното насочено образование и социјалната заштита ќе плаќаат придонес од личен

доход од работен однос од нестопанска дејност по стапка од 0,075%, во кој е содржана стапката на СИЗ на физичката култура на општината Тетово од 0,05% и Републичката СИЗ на физичката култура — Скопје од 0,025%, а организациите на здружен труд од областа на детската заштита и организациите што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичката дејност по стапка од 0,105%, во кое е содржана стапката на СИЗ на физичката култура — Тетово од 0,070% и Републичката СИЗ на физичката култура — Скопје од 0,035%.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1984 година.

Бр. 0801-130
11 април 1984 година
Тетово

Претседател,
**Кемал Сулејмани**, с. р.

ЗАЕДНИЦАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА МАКЕДОНИЈА

ОБЈАВУВА:

„ Општите услови за испорака на електрична енергија, објавени во „Службен весник на СРМ" бр. 10/84, поради неспазена постапка — недобиена претходна согласност од Собранието на СРМ, член 31 од Законот за електростопанство („Службен весник на СРМ" бр. 10/78), се сметаат за повлечени."

Од СИЗ за енергетика на Македонија

## АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**203.**

Врз основа на член 78 став 3 од Законот за угостителската и туристичката дејност („Службен весник на СРМ" бр. 24/83), Факултетот за туризам и угостителство — Охрид, по претходно мислење на Републичкиот комитет за образование и наука и Туристичкиот сојуз на Македонија, пропишува

# ПРОГРАМА
## ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Стручниот испит за туристички водич се полага според оваа програма.

### II. СОДРЖИНА НА СТРУЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ

Член 2

Стручниот испит за туристички водич се полага по следните предмети:

1. Основи на општествено-политичко уредување на СФРЈ;
2. Туристичка географија на СФРЈ;
3. Основи на туризмот;
4. Историја на македонскиот народ со основи на историјата на другите југословенски напори и народности;
5. Споменици на културата и институции од областа на културата во Македонија;
6. Комуникативна дејност;
7. Прва помош;
8. Странски јазик (ако кандидатот со пријавата побара да полага странски јазик).

Член 3

Предмет: **Основи на општествено-политичко уредување на СФРЈ**

1. Основни начела на Уставот;
2. Слободи, права и должности на човекот и на граѓанинот;
3. Општествено-политичка заедница и органи во неа:
 — општина,
 — социјалистичка република,
 — социјалистичка-автономна покраина,
 — Федерација;
4. Делегатски систем;
5. Собраниски систем;
6. Општествена сопственост на средствата за производство;
7. Здружување на трудот и средствата на општествена репродукција:
 — основна организација на здружен труд,
 — работна организација,
 — сложена организација:
8. Самоуправување во ОЗТ;
9. Распределба според трудот;
10. Самоуправни интересни заедници и самоуправувањето во нив;
11. Општествено-политички организации;
12. Општонародна одбрана и општествена самозаштита.

Член 4

Предмет: **Туристичка географија**

I. Географска и туристичка положба на СФРЈ
а) Географска положба (балканска, медитеранска, средноевропска и атлантска земја);
б) Туристичка функционалност на географската положба (транзитна, контактна и поливлентна);
в) Главни правци на туристичките движења во Европа и географската положба на СФРЈ;
г) Географска и туристичка положба на СРМ во границите на СФРЈ и на Балканскиот Полуостров.

II. Природни занимливости на туристичките движења
1. Јадранско приморје со островите
а) Разведеноста на Јадранскиот брег и островите,
б) Хидролошки и биолошки својства на Јадранско Море;
в) Општ преглед на климата на јадранското крајбрежје и островите;
г) Годишни времиња и типови на време;
2. Занимливости во планинската зона
а) Релјефните облици како туристички занимливости:
 — планините како комплексни туристички занимливости (попознати планини како излетничко-рекреативни и спортско-рекреативни центри),
 — клисури и кањони,
 — подземни морфолошки облици;
б) Општ преглед на климатските елементи во планинската зона;
в) Хидрографски контитентални занимливости:
 — езера (Охридско,Преспанско, Дојранско, Мавровско), релјефни и хидролошки одлики,
 — реки со развиени туристички движења и туристички можности,
 — термоминерални води;
г) Растителен и животински свет
 — шуми, видови и распространетост,
 — животински свет (копнен и речен),
 — национални паркови и ловни резервати.

III. Население
1. Демографија-број, густина, природен прираст на населението и структура по пол, старост и образование;
2. Народи и народности во СФРЈ, географска разместеност, одлики и специфичности;
3. Населбите (градски и селски), специфичности и занимливости. Главните градови на републиките и покраините.

IV. Материјална база на туризмот
1. Преглед на развиеноста на стопанството и одделните стопански гранки: земјоделство, производство

на храна, индустрија, производство и уметничко и услужно занаетчиство.

— Саеми и други стопански манифестации.

2. Сообраќај:

а) Железнички (внатрешен и меѓународен);

б) Патен (автомобилски, патна мрежа и возила);

в) Авионски (внатрешен и меѓународен);

г) Поморски крајбрежен;

д) Сообраќајна поврзаност на главните туристички подрачја со дисперзивните туристички подрачја во земјата и Европа.

3. Сместувачки и угостителски капацитети, географска разместеност и структура.

Член 5

Предмет: **Основи на туризмот**

I. Општествено-економска условеност на туризмот како стопанска дејност

1. Поим за турист и туризам

1.1. Потрошувачи во туризмот

2. Поим за туристичкиот пазар и неговите карактеристики

2.1. Туристичка побарувачка и потрошувачка

2.1.1. Карактеристики на туристичката побарувачка

2.1.2. Карактеристики на туристичката потрошувачка и нејзината структура

2.2. Туризмот како стопанска дејност

2.2.1. Карактерот на работата во туризмот

II. Улога и значење на туризмот во општеството и стопанството

1. Фактори кои го условуваат развојот на туризмот

1.1. Фактори на туристичката побарувачка

1.1.2. Туристичкиот промет во СФРЈ и СРМ

1.2. Фактори на туристичката понуда

1.3. Посреднички фактори

2. Функции на туризмот

2.1. Економски функции

2.2. Неекономски функции

III. Организација на туризмот

1. Систем на организација на туризмот

2. Туристички органи

2.1. Основни туристички органи

2.2. Организациона надградба

2.2.1. Општествена туристичка организација во Југославија

3. Појава и улога на органите на власта во туризмот.

Член 6

Предмет: **Историја на македонскиот народ со основи на историјата на другите југословенски народи и народности**

Населување на Словените на Балканскиот Полуостров и во Македонија

— Првите држави на Јужните Словени во Србија, Хрватска, Словенија и во Босна.

Ширењето на писменоста и книжевноста кај Македонските Словени

— Кирил и Методиј и создавање на македонска азбука

— Климент и Наум Охридски

— Охридскиот универзитет и Климентовите ученици

Самуиловото царство

— Создавање и ширење на Самуиловата држава

— Битката на Беласица и смртта на Самуил

— Создавање на Охридската архиепископија

Македонија под Византиска власт

— Востанието на Петар Дељан и Ѓорги Војтех

— Положбата на Македонија во српската држава од XII до XIV век

— Распаѓањето на Душановото царство и создавање независни држави поседи во Македонија

Паѓањето на Македонија под турска власт

— Отпор против ропството

— Ајдуци и востанија

— Карпошово востание

Македонија во втората половина на XIX век

— Почетокот на преродбата, учебникарството, училиштата и литературата

Ослободителните борби во втората половина на XIX век

— Разловечкото востание

— Санстефанскиот мир и неговата ревизација на Берлинскиот конгрес

— Кресненското востание

Странските пропаганди и последици од нивното дејствување

— Великогрчката, великосрпската и великобугарската пропаганда и отпорот

Македонското национално и револуционерно движење

— Создавање на ВМРО

— Социјалистичко и работничко движење во Македонија и Србија

— Васил Главинов, Гоце Делчев и Јане Сандански

— Врховен комитет и врховизмот

— Илинденското востание, Крушевската Република

— Положбата по востанието

Младотурската револуција — избувнување, тек и резултати

Прва балканска војна

Втора балканска војна

Прва светска војна

— Причини, повод и почеток на војната

— Учество на југословенските народи

— Борбите на македонскиот (солунски) фронт

— Создавање на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците

— Версајски мир

— КПЈ и работничкото движење во Југославија од 1919 до 1941 година

Втора светска војна

— Почеток на Втората светска војна, 25 и 27 март 1941 година

— Нападот врз Југославија од 6. IV. 1941 година

— Распарчувањето на Македонија

— Нападот врз СССР

Народноослободителната војна и Револуцијата во Македонија

— КПЈ и Тито во НОБ и нејзината улога

— Подготовки за востанието на Македонија (на 11 октомври) и кај другите југословенски народи

— Борбите во Југославија во 1942, 1943 и 1944 година

— Второто заседание на АВНОЈ

— Создавање на АСНОМ и неговото прво заседание

— Развој на НОБ и Македонија во 1942, 1943 и 1944 година

— Операциите за ослободување на Македонија

— Завршните борби за ослободување на Југославија

— Социјалистичката изградба од 1945—1948 година

— Информбирото и крајот на неговата политика

— Неврзаната политика на СФРЈ.

Член 7

Предмет: **Споменици на културата и институции од областа на културата во Македонија**

I. Скопски регион

— Скопско кале

— Скупи

— Црквата „Св. Пантелејмон" — Нерези

— Црквата „Св. Ѓорѓи" — Старо Нагоричани

— Црквата „Св. Никола" — с. Псача, Кривопаланечко

— Манастирот „Јоаким Осоговски", Крива Паланка

— Манастирот „Св. Јован Бигорски" — Гостиварско

— Црквата „Св. Спас" — Скопје
— Камениот мост на реката Вардар
— Султан Муратова-Хјункар џамија — Скопје
— Арабат Баба Теќе — Тетово
— Споменик на паднатите борци — Скопје
— Меморијален музеј на ЦК КПМ — Тетово
— Споменик на слободата — Тетово
— Споменик на Револуцијата — Куманово
— Споменик на паднатите борци — Беличица
— Споменик на паднатите борци и жртви на фашистичкиот терор — Леуново
— Музеј на СРМ (археолошки, историски, етнолошки) Скопје
Народен музеј на град Скопје
Природно-научен музеј — Скопје
Галерија Даут-пашин амам
Музеј на современата уметност — Скопје
КУД: „Танец", „Мирче Ацев", „Гоце Делчев".

II. Охридско-преспански регион

— Лихнидос
— Хераклеа Линкестис
— Охридската тврдина
— Црквата „Св. Пантелејмон", Имарет
— Манастирот „Св. Наум"
— Црквата „Св. Софија"
— Црквата „Св. Ѓорѓи" — Курбиново
— Црквата „Св. Богородица", Манастир Калишта
— Манастирот „Трескавец" — Прилепско
— Маркови кули — Прилеп
— Црквата „Св. Димитрија" — Битола
— Ајдар-Кади џамија — Битола
— Споменик на Илинденското востание — Крушево
— Споменик на братството и единството — Белчишта
— Споменик на паднатите борци — Кичево
— Могилата на непобедените — Прилеп
— Споменик на НОВ и Револуцијата — Струга
— Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј — Охрид
— Народен музеј — Битола
— Народен музеј — Струга
— Народен музеј — Крушево
— Музеј на НОВ во Западна Македонија — Кичево
— Фестивал Охридско лето
— Балкански фестивал — Охрид
— Илинденски денови — Битола
— Староградски средби — Охрид
— Струшки вечери на поезијата
— Струшка музичка есен
— Керамичка колонија — Ресен

III. Штипско-вардарски регион

— Стоби
— Црквата „Св. Леонтие" — с. Водоча
— Црквата „Св. Богородица Елеуса" — с. Вељуса
— Манастирот „Св. Гаврил Лесновски" — Злетовско
— Црквата „Св. Архангел" — Штип
— Спомен куќите на К. Рацин и В. Главинов — Титов Велес
— Споменик на паднатите борци од НОВ и Револуцијата — Титов Велес
— Споменик на Богомилскиот поход — Богомила
— Споменик на паднатите борци — Кавадарци
— Споменик на паднатите борци — Струмица
— Споменик на паднатите борци — Штип
— Споменик на стреланите младинци — Ваташа

IV. Основоположници на современата македонска ликовна уметност

— Димитар Пандилов — Аврамоски
— Лазар Личеноски
— Никола Мартиноски
— Вангел Коџоман
— Борко Лазески

Член 8

ПРЕДМЕТ: **Комуникативна дејност**

1. Должности и лични особини на туристичкиот водич
1.1. Организација на туристичката водичка служба
1.2. Општо за профилот на туристичкиот водич
1.3. Водич за одреден туристички локалитет и место
1.4. Туристички водич за излети и акциони аранжмани
1.5. Туристички водич (постојан претставник) во туристичко-угостителските рецептивни центри.
2. Туристичка информативна дејност
2.1. Информации од областа на превозниот и ПТТ сообраќај
2.2. Информации од областа на културните и спортските содржини
2.3. Информации од областа на фолклорот и етнографијата
2.4. Информации од областа на општествено-економскиот живот.
3. Промотивно комуникациски активности во туризмот
3.1. Туристичка пропаганда
3.2. Туристички публицитет
3.3. Унапредување на пласманот на туристичките услуги
3.4. Односи со јавноста
3.5. Гостопримството како промотивно-комуникациска активност.
4. Лично комуницирање со туристичките посетители
4.1. Прием на гости во разни прилики
4.2. Организирање на „добредојде" и постапка при истото
4.3.Ословување и титулирање на туристичките посетители
4.4. Посебни внимании спрема туристичките посетители — туристите (роденден, пригоден празник, младенци, колекционери и др.)
4.5. Деловен однос, деловен ред и куќен ред
4.6. Природни ситници во сферата на информирањето и комуницирањето
4.7. Организирање на проштална свеченост и постапка при истата
4.8. Испраќање на гости.
5. Комуникативни активности за исполнување на содржината на туристичкиот престој
5.1. Поим и видови на туристичка анимација
5.2. Анимација со спортско-рекреативна содржина (активно и пасивно учество на туристите)
5.3. Анимација со забавни содржини (конферанса, квиз, друштвено-забавни игри и сл.)
5.4. Анимација за посебни туристички сегменти (деца, посебни групи, семејства, пензионери и сл.).
6. Основни поими за пригодни свечености и постапка
6.1. Пикник во природа
6.2. Коктел партија
6.3. Банкет
6.4. Други пригодни свечености

Член 9

ПРЕДМЕТ: **Прва помош**

I. Материјал кој се наоѓа во кутијата за прва помош и кој се користи при давањето на прва помош на повредени

— Загуба на свеста и постапка со повредени во бессознание

— Престанок на дишењето, работата на срцето и методи на оживување

II. Автомобилска, авионска и морска болест и постапка при појава на оваа болест

— Труење со храна (алкохол и лекови)

— Изгоретини, топлотен удар, сончаница, снежно слепило

— Смрзнатини и општо смрзнување кај човекот
III. Повреди:
— Повреди на главата
— Повреди на 'рбетниот столб
— Шинување, исчашување, скршувања
— Рани, крвавење и методи за сопирање на крвавењето.

Член 10

Предметот странски јазик опфаќа: говорен јазик, особено способност за објаснување на материјалот — Програмата за стручниот испит.

III. ПРИЈАВА

Член 11

Кандидатите поднесуваат пријава за полагање на стручниот испит за туристички водич до Факултетот за туризам и угостителство — Охрид, во која наведуваат кој од странските јазици ќе го полагаат (ако сакаат да полагаат еден од нив).

Член 12

Кандидатите кои завршиле виша школа или факултет се ослободуваат од полагање на предметите од Програмата за стручниот испит за туристички водич, ако тие предмети ги полагале на вишата школа, односно факултет, освен предметот странски јазик. Кандидатите што завршиле филолошки, односно филозофски факултет од соодветни катедри по странски јазици се ослободуваат од полагање на предметот странски јазик. Полагањето на странски јазик не е задолжително.

Член 13

Со пријавата за полагање на стручниот испит за туристички водич кандидатот поднесува препис од свидетелството, односно диплома за завршено образование.

Член 14

На кандидатот кој го положил стручниот испит за туристички водич му се издава уверение.

Уверението го издава Факултетот за туризам и угостителство — Охрид.

Член 15

На лицата што вршат работа на туристички водич им се издава легитимација на туристички водич според образецот што е составен дел на оваа програма.

Член 16

Туристичкиот водич има право да врши работа на туристички водич според овластувањата дадени во легитимацијата.

Ако општината пропише дополнителна програма за нејзиното подрачје, туристичкиот водич е должен да полага испит и според таа програма.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на оваа програма престанува да важи Програмата за полагање на стручниот испит за туристички водич и образецот на легитимацијата за туристички водич („Службен весник на СРМ" бр. 11/80).

Член 18

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 02-288/1
4 април 1984 година
Охрид

Претседател
на Советот на Факултетот,
м-р **Јордан Митрески**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред овој суд се води постапка за прогласување на исчезнатото лице Божиновски Радосав за умрен, а по предлог на предлагачот Божиновски Александар.

Општинскиот суд Скопје I — Скопје со овој оглас го повикува лицето Божиновски Радосав од Скопје, кој наводно исчезнал во текот на 1943 година во Куманово во тек на отслужувањето на воениот рок, да се јави во рок од 3 месеци од денот на објавувањето на овој оглас во овој суд, бидејќи по истекот на овој рок исчезнатото лице Божиновски Радосав ќе се прогласи за умрен.

Истовремено се повикува секое лице кое нешто знае за нестанатиот или за неговиот живот за тоа да го извести овој суд во рок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, Р. бр. 58/84. (69)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд се води постапка за расправање на оставината на покојниот Борис Костанчев, бивш од Скопје.

Покрај другите учесници како наследник се јавува и неговиот син Костанчев Стојче кој се наоѓа на работа во странство со непозната адреса.

Се повикува Костанчев Стојче да се јави во овој суд во рок од една година по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење.

Доколку учесникот Костанчев Стојче не се јави во рок од една година, ќе биде застапуван од привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, О. бр. 404/81 (66)

---

Во овој суд е заведен спор за зголемување на издршка по тужбата на тужителката Јасмина Јаневска од Скопје, ул. „Иван Мажураниќ" бр. 7- а, нас. Драчево, против тужениот Јаневски Зоран од Скопје, сега на привремена работа во Австралија со непозната адреса. Вредност на спорот 3.100 динари.

Се повикува тужениот Јаневски Зоран од Скопје да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена, ќе биде застапуван од привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр. 728/84. (73)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

Давидовиќ Зорка, за себе и како законска застапничка на малолетните деца Давидовиќ Силвана и Давидовиќ Момчило од Куманово, ул. „11 Октомври" број 23, поднесе барање за издршка против Давидовиќ Слободан од с. Каблови, СО Челинац — Бања Лука, БиХ, а сега на работа во Германија, со непозната адреса. Вредност на спорот 500,00 динари.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот се непознати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно, по службена должност ќе му се одреди за застапник Мирјана Ефремовска, стручен соработник при Општинскиот суд во Куманово.

Од Општинскиот суд во Куманово, П. бр. 242/84. (68)

Малолетната тужителка Јелена Јеремиќ од Куманово, ул. „11 Октомври“ број 41. застапувана од својата мајка Снежана Илијевска, поднесе до овој суд тужба за издршка против тужениот Зоран Јеремиќ, од Белград, а сега со непозната адреса. Вредност на спорот 10.000,00 динари.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот се непознати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“ да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно, судот по службена должност ќе му ја одреди за застапник Ленка Соколовска, стручен соработник при Општинскиот суд во Куманово.

Од Општинскиот суд во Куманово, П. бр. 2102/83. (74)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за исплата на долг по тужбата на тужителите Ајдари Исен од Ново Село I и др. против тужениот Мисими Етем Митат од с. Лавце, а сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот да се јави во судот, достави адреса или одреди полномошник кој ќе го застапува во овој спор во рок од 30 дена по објавувањето на огласот. Во спротивно, судот ќе му постави привремен старател преку Центарот за социјални работи — Тетово

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 508/84. (57)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води извршна постапка по предлог на доверителите Вера, Флорика и Јелица, сите Митоски, од Тетово, против должникот Јован Тодоров Митоски од с. Лешок, Тетовско, а сега со непозната адреса во СР Босна и Херцеговина.

Предметот претставува присилно извршување на пресуда, П. бр. 1593/75 на Општинскиот суд — Тетово.

Се повикува должникот Јован Тодоров Митоски од с. Лешок — Тетовско, а сега со непозната адреса во СР Босна и Херцеговина, да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или да определи свој полномошник. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги штити неговите интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, И. бр. 395/84. (58)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово е заведен граѓански спор за сопственост по тужбата на тужителот Алија Али Шаќир од с. Теарце, против тужените Алија Али Мухамед од с. Отуњиште, а сега на привремена работа во Австрија со непозната адреса, и др.

Бидејќи тужениот Алија Али Мухамед од с. Отушиште е со непозната адреса во Австрија, се повикува во рок од 30 дена, од објавувањето на огласот да се јави во Општинскиот суд во Тетово или да постави свој бранител кој ќе го застапува во постапката. Доколку истиот не се јави ниту, пак, постави свој бранител, Општинскиот суд во Тетово ќе му постави привремен старател преку Центарот за социјални работи — Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 525/84. (59)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за сопственост по тужбата на тужителката Агнија Апостолоска од Тетово, ул. „Илинденска“ бр. 158 против тужениот Сулејмани Сакип Реџеп од Тетово, а сега со непознато место на живеење во Турција.

Се повикува тужениот да се јави во судот, достави адреса или да одреди полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка во рок од 30 дена по објавувањето на огласот. Во спротивно, ќе му се постави привремен старател кој ќе го застапува тужениот до правосилното окончување на оваа постапка.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 358/84. (62)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово поднесена е тужба за сопственост од страна на тужителот Зеќир Хасан од с. Орашје, против тужените Садулаи Тефика Ферид и др. од с. Теарце. Вредност на спорот 71.000 динари.

Се повикуваат тужените Садулаи Садула од с. Теарце, а сега со непозната адреса во Турција, и Садулаи Абдулсамет од с. Теарце, сега со непозната адреса во Германија, да се јават во Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот.

Доколку во тој рок не се јават, Општинскиот суд во Тетово ќе им постави привремен старател кој ќе се грижи за нивните права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 560/84. (63)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води вонпроцесна постапка за докажување смртта на лицето Ќамил Бајрами, бивш од с. Џепчиште.

Се повикува лицето Бајрами Ќамил од с. Џепчиште, доколку е жив, да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“ или во судот да се јави секој кој истиот го познавал.

Доколку именуваниот не се јави во судот ниту, пак, се јават други лица кои го познавале, судот, по истекот на рокот, ќе ја утврди смртта на Ќамил Бајрами од с. Џепчиште.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 186/84. (67)

---

Пред овој суд се води постапка за докажување на смртта на сега пок. Алифекри Берзати од с. Боговиње.

Се повикува лицето Алифекри Берзати, доколку е жив, или некој друг кој знае за неговиот живот да го извести за тоа судот. Во спротивно судот, по објавувањето на огласот, ќе ја утврди неговата смрт.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 390/83. (70)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово во тек е постапката за утврдување на сопственост по тужбата на тужителите Ибраими Шериф и Ибраими Шабан, двајцата од Тетово, ул. „Штипска“ бр. 83, против тужените Николовска Живка од Ѓорче Петров, ул. „Ѓурчин Кокал“ бр. 22-а, и Јордановска Вера од Скопје, а сега со непозната адреса во САД. Вредност на спорот 200.000 динари.

Се повикува тужената Јордановска Вера од Скопје, а сега со непозната адреса во САД, да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно, ќе ѝ биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 326/84. (71)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово во тек е постапката за сопственост и владение по тужбата на тужителот Јанчевски Јастреф Трпко од с. Старо Село против тужените Јанчевска вд. Манојлова Менка од с. Старо Село и Крстевски Манојлов Рафајло од с. Старо Село, а сега на привремена работа во Германија, Заковска Манојлова Вела од с. Старо Село, а сега со непозната адреса во САД, и Јовановска Манојлова Бојана од с. Раотинце. Вредност на спорот 10.000 динари.

Се повикуваат тужените Крстевски Манајлов Рафајло од с. Старо Село, а сега со непозната адреса во Германија, и Заковска Манојлова Вела, од с. Старо Село, а сега со непозната адреса во САД, да се јават во Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена по објавувањето на огласот. По истекот на овој рок ќе им биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува нивните интереси пред Општинскиот суд во Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 152/84. (72)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ОХРИД

Во Општинскиот суд во Охрид поведена е постапка по предлог на Бутески Ристо од с. Белчишта, општина Охрид, за докажување смртта на лицето Андон Стефановски, од татко Јордан, роден во 1900 година во с. Белчишта, кој во 1925 година заминал на печалба во државата Уругвај, од каде воопшто не се јавувал по 1935 година.

Се повикуваат сите лица што знаат било какви податоци за животот или смртта на Андон Стефановски, да се јават во Општинскиот суд во Охрид во рок од еден месец од денот на објавувањето на огласот во „Службен лист на СФРЈ".

По истекот на горенаведениот рок ќе се донесе решение за докажување смртта на Андон Стефановски.

Од Општинскиот суд во Охрид, ВПС. бр. 78/84. (61)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО РЕСЕН

Пред овој суд се води парнична постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Ване Божин Нечовски од с. Сливница, против тужената Милана Нечовска, род. Лозановска, со непозната адреса во Австралија.

Се повикува тужената Милана Нечовска, род. Лозановска, да се јави во Општинскиот суд во Ресен во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или да определи свој полномошник.

Во спротивно, по истекот на определениот рок, ќе и биде поставен привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП.

Од Општинскиот суд во Ресен, П. бр. 22/84. (64)

---

Пред овој суд се води парнична постапка за сопственост и владение по тужбата на тужителот Мите Паликудовски од с. Подмочани, против тужените Крсте Паликудовски од истото село и Благоја Паликудовски со непозната адреса во Австралија. Вредност на спорот 6.000,00 динари.

Се повикува тужениот Благоја Паликудовски, со непозната адреса во Австралија, да се јави во Општинскиот суд во Ресен во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или да определи свој полномошник. Во спротивно, по истекот на определениот рок, ќе му биде поставен привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП.

Од Општинскиот суд во Ресен, П. бр. 53/83. (65)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КОЧАНИ

Пред Општинскиот суд во Кочани се води спор за издршка по тужбата на Маја, Себастијан и Џенкис и Хава Иљазови, сите од гр. Кочани, ул. „Стиф Наумов" број 36, против тужениот Февзи Јусин Иљазов од Кочани, вредност 8.000 динари, како и граѓански спор по тужбата на Хава Иљазова од Кочани, ул. „Стиф Наумов" 36, против Февзи Јусин Иљазов за сопственост, вредност 900.000 динари.

Тужениот се наоѓа на привремена работа во Турција со непозната адреса, па се повикува да се јави во судот. Во спротивно ќе му биде одреден привремен полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во спорот.

За привремен застапник — полномошник се одредува лицето Нада Георгиева од Кочани, дипломиран правник, вработена во Правна помош при СО, Кочани која ќе ги застапува интересите на тужениот пред овој суд сè до окончувањето на споровите.

Од Општинскиот суд во Кочани, П. бр. 133/84 и 180/84. (60)

---

Пред Општинскиот суд во Кочани е покрената постапка за амортизација на меница од предлагачот СОИР ПИК „Пожаревац" РО „Нова трговија" — Пожаревац ООУР „Промет" — Белград, ул. „Франце Розман" 2—4. Трасант на меницата е ЗЗ „Моша Пијаде" од с. Подлог — Кочани, а авалист Стопанската банка — Кочани. Меницата е на износ од 1.146.080 динари со дата на наплата 15. IX. 1982 година.

Се повикува држателот на меницата или секое лице кое знае за меницата да се јави во Општинскиот суд во Кочани во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, да стави забелешка против покренувањето на постапката за амортизација.

Доколку во определениот рок не се јави никој и не стави приговор на амортизацијата, овој суд ќе ја поништи меницата согласно член 282 ст. 2 од Законот за вонпроцесна постапка.

Од Општинскиот суд во Кочани, Р. бр. 306/82. (75)

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Возачка дозвола издадена од СВР-Тетово на име Лазе Новески, с. Фалише, Тетово. (2517)

Сообраќајна дозвола на име Јусуф Рамани, с. Г. Седларце, Тетово. (2525)

Сообраќајна книшка ТЕ 108—21, издадена од СВР-Гостивар, на име Станимир Трпески с. Врапчиште, Гостивар. (2530)

Воена книшка бр. АР 07947 на име Драган Марков, ул. „Преспа" бр. 5, Кавадарци. (2542)

Воена книшка на име Меваит Кадриу, с. Раковец, Тетово. (2543)

Воена книшка на име Сали Ибраимов, с. Коџалиа, Радовиш. (2551)

Воена легитимација бр. 005573, издадена од ВП 4028 — Прилеп на име Мирко Василески ул. „Н. Карев" бр. 5, Прилеп. (2554)

Воена книшка на име Саво Симоновиќ, ул. „Никола Тесла" бр. 177, Куманово. (2556)

Воена книшка на име Арсовски Киров Александар, ул. „Танe Георгиев" бр. 48, Куманово. (2558)

Свидетелство за завршено VIII одделение на име Илиевска Благица, с. Борово — Крива Паланка. (2559)

Свидетелство за VIII одделение на име Јовановски Васе, с. Борово — Крива Паланка. (2560)

Воена книшка бр. 047619 на име Абдилвеап Фејзули, с. Одри, Тетово. (2571)

Возачка дозвола издадена од СВР Тетово на име Јусуф Фејзули, с. Г. Речица, Тетово. (2575)

Воена книшка на име Фаредин Адеми, ул. „К. Ристовски" бр. 14-1/2-Тетово. (2606)

Воена книшка РК серија АГ бр. 41213 на име Стоименовски Мирослав, ул. „Илинденска" бр. 24, Делчево. (2637)

Здравствена легитимација на име Синан Абази, Тетово. (4747)

Здравствена легитимација на име Шевкет Хазари, Тетово. (4748)

Земјоделска здравствена легитимација на име Далије Мустафи, Тетово. (4749)

Лична карта на име Раде Мишковски, Тетово.

Свидетелство за VIII одделение на име Дрита Алуши, Гостивар. (4751)

Здравствена легитимација на име Катерина Димиќ, Штип. (4752)

Здравствена легитимација на име Здравко Ефтимов, Штип. (4753)

Уверение бр. 527 на име Кацарски Ахмед, Делчево. (4754)
Здравствена легитимација на име Здравко Пемов, Виница. (4755)
Лична карта на име Сарафиле Серафимоски, Прилеп. (4756)
Свидетелство за I година на име Митко Смугрески, Прилеп. (4757)
Уверение на име Мирче Пашоски, Прилеп.
Здравствена легитимација на име Спирко Николовски, Куманово. (4759)
Здравствена легитимација на име Раиф Нухаји, Куманово. (4760)
Здравствена легитимација на име Андреја Серафимовски, Куманово. (4761)
Здравствена легитимација на име Вера Давидовска, Куманово. (4762)
Здравствена легитимација на име Мирослав Димитриевски, Куманово. (4764)
Здравствена легитимација на име Катица Георгиевска, Куманово. (4764)
Здравствена легитимација на име Славка Стоилковска, Куманово. (4765)
Здравствена легитимација на име Анита Миле Петрушевска, Куманово. (4766)
Работна книшка на име Данче Трајческа, Охрид. (4767)
Работна книшка на име Хајрадиноски Мустафа, с. Пласница, Македонски Брод. (4768)
Работна книшка на име Алимоски Рецеп, с. Пласница, М. Брод. (4769)
Свидетелства за IV и V одделение на име Фикрија Шакирова, Т. Велес. (4770)
Лична карта на име Ирири Сулејман, Тетово. (4771)
Свидетелства за I и II одделение на име Серџан Шакиров, Т. Велес. (4772)
Здравствена легитимација на име Шерифе Рамадан ,Тетово. (4773)
Лична карта на име Шадан Рецеп. ,Тетово.
Свидетелство и диплома на име Нехат Синани, Тетово. (4775)
Здравствена легитимација на име Феми Муртезани, Тетово. (4776)
Свидетелство на име Стојан Билбилоски, Гостивар. (4779)
Здравствена легитимација на име Михаило Нетков, Штип. (4780)
Здравствена легитимација на име Ѓорѓи Гаков, Штип. (4781)
Здравствена легитимација на име Весна Здравкова, Штип. (4782)
Здравствена легитимација на име Алејсин Кадриовски, Штип. (4783)
Здравствена легитимација на име Лика Стојанова, Штип. (4784)
Здравствена легитимација на име Ленка Михајлова, Виница. (4786)
Одобрение за автопревозничка дејност на име Ахмети Алија, Скопје. (4788)
Свидетелство за VIII одделение на име Љубе Мајакоски, Прилеп. (7492)
Свидетелство за завршено основно училиште на име Андоновски Трајче, нас. Чашка, Т. Велес.
Здравствена легитимација на име Хајрије Бекири, Тетово. (4796)
Земјоделска здравствена легитимација на име Изаир Исмаили, Тетово. (4798)
Свидетелство и диплома на име Даут Таири, Тетово. (4799)
Свидетелство за VIII одделение на име Муртезани, Тетово. (4800)
Свидетелство за I година на име Феми Муртезани, Тетово. (4801)
Свидетелство за VIII одделение на име Мара Мариоска, Гостивар. (4802)
Диплома на име Танас Лазаревски, Гостивар.
Уверение на име Насер Селими, Гостивар.
Работна книшка на име Џемал Кадрии, Куманово. (4805)
Здравствена легитимација на име Мирјана Петровска, Куманово. (4806)
Здравствена легитимација на име Михајло Димовски, Куманово. (4807)
Здравствена легитимација на име Велимир Михајловиќ, Куманово. (4208)
Здравствена легитимација на име Живка Бајдевска, Куманово. (4810)
Работна книшка на име Славе Манасиевиќ, Куманово. (4811)
Здравствена легитимација на име Алил Имери, Куманово. (4112)
Здравствена легитимација на име Ајниша Имери, Куманово. (4813)
Здравствена легитимација на име Марија Ѓорѓиевска, Куманово. (4814)
Книшка на име Исмаил Ислами, Куманово.
Здравствена легитимација на име Борко Јовановски, Куманово. (4816)
Здравствена легитимација на име Роза Стојановска, Кратово. (4817)
Здравствена легитимација на име Тодорка Баева, Кратово. (4818)
Здравствена легитимација на име Мица Илиева, Кратово. (4819)
Здравствена легитимација на име Љубица Јакимовска, Кратово. (4821)
Работна книшка на име Мирјана Дујева, Гевгелија. (4822)
Свидетелства од I до IV година и диплома на име Сафет Бејтулаи, Тетово. (4823)
Свидетелства од I до IV година и диплома на име Фуат Касами, Тетово. (4824)
Здравствена легитимација на име Рукије Јонузи, Тетово. (4825)
Лична карта на име Рукије Јонузи, Тетово.
Свидетелство за VIII одделение на име Самет Јакупи, Тетово. (4827)
Свидетелства од I до IV година и диплома на име Ибраим Исљами, Тетово. (4828)
Здравствена легитимација на име Симеон Шутев, Штип. (4829)
Здравствена легитимација на име Родна Велкова, Штип. (4830)
Здравствена легитимација на име Факи Јусуф, Штип. (4831)
Здравствена легитимација на име Вера Филипова, Штип. (4832)
Здравствена легитимација на име Стамен Костадинов, Штип. (4833)
Свидетелство за VIII одделение на име Раде Манасиев, Кочани. (4834)
Здравствена легитимација на име Милош Стојков, Виница. (4835)
Здравствена легитимација на име Славка Алекова, Виница. (4836)
Свидетелство за IV одделение на име Фатима Аралоска, Прилеп. (4837)
Работна книшка на име Вера Забрчанец, Прилеп. (4838)
Здравствена легитимација на име Божидар Јовановиќ, Куманово. (4849)
Здравствена легитимација на име Вацид Драку, Куманово. (4841)
Здравствена легитимација на име Емилија Ѓориќ, Куманово. (4842)
Здравствена легитимација на име Лена Ѓорѓиевска, Кратово. (4843)
Работна книшка на име Ликроски Шефит, с. Пласница, Македонски Брод. (4844)
Здравствена легитимација на име Ацо Гоцев, Штип (4845)
Договор за правење споменик бр. 100 на име Драган Јаневски, Скопје. (4846)
Здравствена легитимација на име Дарко Велјановски, Скопје. (4847)
Диплома на име Борис Наумовски, Прилеп
Свидетелство за III година на име Владо Ивановски, Прилеп. (4849)
Свидетелства од I до IV клас и диплома на име Африм Шекапи, Тетово. (4850)

Свидетелства за V и VI одделение на име Алриза Алии, Тетово. (4851)

Здравствена легитимација на име Ребија Имери, Тетово (4852)

Работна книшка на име Дана Трипуновска, Тетово. (4853)

Диплома на име Зибери Зуќуфли, Тетово. (4854)

Здравствена легитимација на име Весна Димовска, Кратово. (5387)

Лична карта на име Драге Ангеловски, Кратово.

Свидетелство на име Феми Арифи, Струга.

Свидетелство на име Неки Хоџа, Струга (5390)

Ученичка книшка на име Видески Борче, с. Љупште, (5391)

Свидетелство за I година на име Цветковиќ Десанка, Т. Велес. (5392)

Ученичка книшка на име Амедова Дидар, Т. Велес. (5393)

Свидетелство за I година на име Стамена Тодоровска, Штип. (5394)

Здравствена легитимација на име Борка Јанева, Штип. (5395)

Лична карта на име Борка Јанева, Штип.

Здравствена легитимација на име Благој Лазарев, Виница. (5397)

Здравствена легитимација на име Стојанка Петрова, Виница. (5398)

Индекс на име Сициновски Пецо, Битола.

Свидетелство за III клас на име Киро Делев, Кочани. (5400)

Свидетелство на име Веселин Веселинов, Кочани. (5401)

Свидетелства за I и II год. на име Силјан Андонов, Кочани. (5402)

Лична карта на име Цветанка Мишкова, Прилеп. (5406)

Работна книшка на име Благоја Милески, Тетово. (5407)

Земјоделска здравствена легитимација на име Ремзије Хасани, Тетово. (5408)

Работна книшка на име Стеван Шинговски, Битола. (5409)

Работна книшка на име Ќерим Меџмедин, Битола. (5410)

Работна книшка на име Сашо Цветковски, Прилеп. (5411)

Лична карта на име Велика Кузманоска, Прилеп. (5412)

Здравствена легитимација на име Роберт Демировски, Куманово. (5413)

Свидетелство за I година на име Селами Јашари, Куманово. (5414)

Свидетелство на I година на име Фикрет Зимбери, Куманово. (5415)

Здравствена легитимација на име Фаза Алии, Куманово. (5416)

Здравствена легитимација на име Алија Куртиши, Куманово. (5417)

Здравствена легитимација на име Микуш Мисими, Куманово. (5418)

Здравствена легитимација на име Слоботка Ивановиќ, Куманово. (5419)

Диплома на име Хамиде Шабани, Куманово.

Здравствена легитимација на име Виолета Илиевска, Куманово. (5421)

Здравствена легитимација на име Деневски Љубе, Куманово. (5422)

Работна книшка на име Момчило Миленковски, Куманово. (5423)

Здравствена легитимација на име Мирита Асани, Куманово. (5424)

Здравствена легитимација на име Емине Јании, Куманово. (5425)

Работна книшка на име Мендерес Селмани, Гостивар. (4944)

Свидетелство за II година на име Слободан Маневски, Скопје. (4946)

Контарна белешка бр. 753 на име Арсо Андреевски, Битола. (4947)

# КОНКУРСИ

Задружниот совет на Монтажно-инсталатерската задруга „Хидровод" РО — Скопје, врз основа на одлуката бр. 35 од 23. IV 1984 година

распишува

**КОНКУРС**

за избор на директор на Задругата

Покрај општите услови предвидени со Законот, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

а) да е КВ водоинсталатер;

б) да има 6 (шест) години работно искуство на соодветно работно место;

в) да поседува морално-политички квалитети и да има организаторски способности;

г) да нема пречки согласно член 511 од ЗЗТ.

Конкурсот е отворен 15 дена сметано од денот на објавувањето.

Пријавите со комплетна документација да се доставуваат до МИЗ „Хидровод" Р. О. — Скопје, ул. „Огњан Прица" бр. 3.

Некомплетните пријави нема да се земаат во разгледување. (176)

---

Советот на Филолошкиот факултет во Белград

распишува

**КОНКУРС**

за избор на:

— наставник (во сите звања) за предметот Македонски јазик

Условите се предвидени со ЗОВШ на СР Србија и со Статутот на Филолошкиот факултет.

Кандидатите поднесуваат пријава со биографија, заверен препис на докторска диплома од односната научна дисциплина, список на трудови и трудовите во рок од 30 дена од објавувањето на конкурсот на адреса: Филолошки факултет-Белград, Студентски трг бр. 3. (191)

---

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79 година), Комисијата за избори и именувања на Собранието на општината Гостивар

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на еден судија на Општинскиот суд во Гостивар

Кандидатите за судија на Општинскиот суд, покрај општите услови предвидени со Законот за здружен труд, треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени во член 91 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79).

Пријавите со потребните документи кандидатите да ги достават до Собранието на општината Гостивар — Комисија за избори и именувања во рок од 15 дена од денот на објавувањето во весникот „Нова Македонија". (190)

---

Согласно одредбите на членот 6 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплата на личните доходи во 1984 година („Службен лист на СФРЈ" бр. 20/84), Службата на општественото книговодство во СР Македонија издава

ОБЈАВА

Порастот на исплатените акинтации на чистите лични доходи во општествениот сектор на Републиката за периодот од 1 октомври до 31 декември 1983 година, во однос на истиот период од претходната година изнесува 34,5%.

Бр. 08-773/2 од 30 април 1984 година, Скопје